This project is funded
by the European Union

Овој проект е финансиран
од Европската Унија

A project implemented
by the Coalition All for Fair trials

Проектот е имплементиран од
Коалиција Сите за правично судење

# МОНИТОРИНГ БРИФ ЗА ПРАВОСУДСТВО

## КОАЛИЦИЈА „СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ“

## МАЈ, 2024



**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн и техничка обработка:**

Даниел Митковски

Овој мониторинг бриф е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија. Неговата содржина е единствена одговорност на Коалицијата „Сите за правично судење“ и истата не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија.

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## Предмети од областа на организиран криминал и корупција

### „ПОШТЕНСКА БАНКА“ КОК–124/21

На ден 09.05.2024 година, рочиштето се одложи по барање на бранителот на обвинетиот.

На ден 27.05.2024 година, на рочиштето се истакнаа приговори од страна на одбраната по однос на прецизирањето на обвинителниот акт.

### „СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ“ КОК–157/21

На ден 10.05.2024 година, рочиштето се одложи бидејќи списите на предметот се наоѓаат во Апелационен суд.

### „ТАРИФА“ КОК–24/21

На ден 09.05.2024 година, на рочиштето се изведуваа материјални докази предложени од одбраната на обвинетите.

На ден 14.05.2024 година, рочиштето се одложи поради отсуство на јавниот обвинител, поради службени обврски.

На ден 16.05.2024 година, на рочиштето се изведуваа материјални докази предложени од одбраната на обвинетите.

На ден 21.05.2024 година, на рочиштето се изведуваа материјални докази на одбраната.

### „ИМПЕРИЈА” КОК–33/23

На ден 14.05.2024 година, рочиштето се одложи поради отсуство на јавниот обвинител.

### „ФЕНИКС” КОК–12/24

На ден 27.05.2024 година, на рочиштето се изведуваа материјални докази предложени од страна на јавното обвинителство.

На ден 31.05.2024 година, на рочиштето се изведуваа материјални докази, предложени од страна на јавното обвинителство.

### „ТИТАНИК” КОК–59/22

На ден 30.05.2024 година, на рочиштето јавниот обвинител изврши преквалификација на обвинението, при што судот донесе решение предметот да се раздвои во три посебни предмети.

### „ЗЛОУПОТРЕБА НА ЕУ ФОНДОВИ” КОК–179/22

На ден 30.05.2024 година, на рочиштето се испита 1 сведок, кој беше предложен од страна на одбраната на обвинетата.

### „УБИСТВОТО НА МИГРАНТКАТА“ КОК-174/23

На ден 31.05.2024 година, на рочиштето се испита 1 сведок предложен од страна на одбраната.

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## Останати судски предмети

### „ОНКОЛОГИЈА – МЕДИЦИНСКА СЕСТРА” К-1990/23

На ден 15.05.2024 година, на рочиштето беа испитани 2 сведоци и изведени материјални докази, кои беа предложени од јавното обвинителство.

### „ТОТАЛ“ К-1493/17

На ден 17.05.2024 година, рочиштето се одложи поради отсуство на јавниот обвинител од здравствени причини.

### „ПЕНДИКОВ“ К-54/23

На ден 16.05.2024 година, рочиштето се одложи поради отсуство на сведоци.

### „ЖАН МИТРЕВ“ К-349/23

На ден 27.05.2024 година, на рочиште се испита 1 сведок предложен од двете странки во постапката.

### „ЛАТАС/ЛАЗАРОВ“ К-457/23

На ден 22.05.2024 година, на кое рочиште се изведуваа материјални докази на одбраната.

### „СУДЕЊЕ ЗА М.Д. – ГРАДОНАЧАЛНИК НА КУМАНОВО“ К–115/24

На ден 22.05.2024 година, на рочиштето странките се произнесоа по однос на доказите.

На ден 31.05.2024 година, на рочиштето странките се произнесоа по однос на доказите.

## СЕДНИЦИ НА СУДСКИ СОВЕТ НА РСМ

На 15.05.2024 година, Судскиот совет ја одржа 486-та седница, на која ги утврди кандидатските листи за избор на членови на Судски совет од редот на судиите од Врховниот суд на РСМ и од апелационо подрачје Битола. Во текот на оваа седница, Судскиот совет ја формираше Комисијата за спроведување на избор на членови на Судскиот совет и донесе одлука изборите да се спроведат на 06.06.2024 година. Меѓудругите точки, Советот донесе одлука и за избор на судии поротници во Основен суд Струмица и Основен суд Кавадарци.

На 21.05.2024 година Судскиот совет одржа итна седница за расправа и одлучување по барање на Основен кривичен суд Скопје за одземање на имунитет на судија и за одобрување на притвор на судија. Коалицијата за оваа одржана седница објави јавна реакција, која може да ја прочитате на следниот линк: https://all4fairtrials.org.mk/wp-content/uploads/2024/05/34-JR-SS-052024.pdf

На 29.05.2024 година, Судскиот совет ја одржа 488-та седница, на која меѓудругите точки од дневниот ред, Советот пристапи кон измени на Деловникот за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија и на Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, со цел имплементирање на дадените препораки од страна на Оценската мисија на ЕУ.

## СЕДНИЦИ НА СОВЕТ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ НА РСМ

На 29.05.2024 година, Советот на јавните обвинители ја одржа 103-тата седница на која ја разгледуваше состојбата со јавните обвинителства на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола, при што констатираше дека јавните обвинителства од ова подрачје се соочуваат со недостаток на јавни обвинители и останати човечки ресурси што влијае на ефикасното работење.